ТРАЈНА ВРЕДНОСТ

**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-1912
18.10. 2018 год.
СКОПЈЕ

FON
FIRST PRIVATE
UNIVERSITY

# БИЛТЕН

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 211**

**Скопје, 18.10.2018**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за избор на два наставника од научните области 64004 Англистика и 64011 Применета лингвистика……..................................................……….3318
2. Рецензија за избор на еден наставник од научната област 64004 Англистика и 64028 Методика на јазик...........………...............................................………..3330
3. Рецензија за избор на еден наставник од научната област 50603 Бизнис менаџмент и 50329 Управување со перформанси (друго)...............………..3335
4. Рецензија за избор на еден наставник по стручно уметнички предмети од научната област 60712 Дигитална уметност (друго)......................………..3342

# РЕФЕРАТ

## за избор на два наставника во сите наставно-научни звања на Факултетот за странски јазици при Првиот приватен универзитет ФОН, Република Македонија

Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при Првиот приватен универзитет ФОН – Скопје на својата редовна седницата одржана на 05.09.2018 година, во врска со конкурсот објавен во дневниот весник „Слободен печат", на ден 06 јули 2018 година, формира рецензентска комисија за избор на два наставника во сите наставно-научни звања од областите 64004 – Англистика и 64011 – Применета лингвистика (според Фраскатиевата класификација). Беше предложена рецензентска комисија во состав: проф. д-р Лилјана Митковска, проф. д-р Марија Јанева-Михајловска, и проф. д-р Анжела Николовска.

На распишаниот конкурс за избор на два наставника во сите наставно-научни звања се пријавија двајца кандидати:

1. проф. д-р Ана Лазарова-Никовска и
2. доц. д-р Љубица Кардалеска.

По разгледувањето на поднесените документи на кандидатите, рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици да му ја поднесе следнава

## РЕЦЕНЗИЈА

### (1) проф. д-р Ана Лазарова-Никовска

#### 1. Биографски податоци и образование

Проф. д-р Ана Лазарова-Никовска е родена на 15.02.1973 година во Скопје, Република Македонија. Основно и три години од средно училиште, јазична гимназија, завршува во Скопје со континуиран одличен успех. Четврта година од средното образование ја завршува во Флорида, САД, каде покажува највисоки резултати по сите предмети, а ги добива и училишните признанија и пофалници за најдобар ученик по предметите Англиски и Германски јазик. Го изучува и шпанскиот јазик како училишен предмет таа година.

На Филолошкиот факултет во Скопје се запишува во 1991 година, каде студира Англиски јазик и книжевност под А, Италијански под Б и Шпански јазик под Ц. Пред дипломирањето ја завршува преведувачката насока со **просек 9.5**, а по дипломирањето, поточно во 1997 година, завршува и доквалификација за наставна насока, со **просек 10**.

На постдипломски студии се запишува во 1998 година на Универзитетот на Кембриџ, Велика Британија, при Истражувачкиот центар за англиски јазик и применета лингвистика (RCEAL) и колеџот Тринити Хол (Trinity Hall). За постдипломските студии ја добива престижната Чивнинг стипендија која ја доделува Британската влада. Во текот на постдиломските студии изучува голем број предмети од теориска и применета лингвистика. Магистерските тези ги изработува од обласа на усвојување на англискиот како мајчин јазик и морфологија (теза 1) и изучување на странски јазик и морфо-синтакса (теза 2). За втората теза спроведува и самостојно експериментално истражување во училиште за странски јазици

во Кембриџ. Сите предвидени испити успешно ги положува во јуни 1999 година и во октомври 1999 година ѝ е свечено доделено звањето Магистер (Master of Philosophy, MPhil).

Во текот на постдипломските студии го постигнува потребниот висок просек кој е критериум за упис на докторски студии на нејзината институција при Универзитетот на Кембриџ (меѓу трите најсторги критериуми за упис на докторски студии на Универзитетот на Кембриџ, **69% на испитите и дистинкција, т.е. мин. 71% на една од магистерските тези, од максимум 75%, според скалилото за оценување на Универзитетот на Кембриџ**), го поминува приемното интервју за докторски студии и добива грантови од следниве институции: Ректоратот, Факултетот и Колеџот на Универзитетот на Кембриџ, како и од Сорос отворено општество, со што во октмоври 2000 година ги започнува докторските студии на Универзитетот на Кембриџ. За време на докторските студии е тутор по предметот Психолингвистика на студенти од втора година од Катедрата за лингвистика на Универзитетот на Кембриџ. Впрочем, за тој ангажман посетува и работлиница во Центарот за професионално усовршување на Универзитет на Кембриџ на тема 'Teaching Skills for Graduate Students' (2001), кој подоцна, во 2007-ма година во Лондон го надополнува со стекнување на Certificate in Personal Performance Coaching од The Coaching Academy. За време на докторските студии, проф. д-р Ана Лазарова-Никовска учествува и на бројни семинари и конференции низ Велика Британија и странство, на пр. во Германија и Шпанија (види подолу). Докторската дисертација со наслов „Влијанието на возраста и јазичниот трансфер во почетните фази на изучување на англискиот како втор јазик" (80.000 збора), ја предава во септември 2004, успешно ја одбранува во јануари 2005 година, а во февруари 2005 свечено ѝ е доделено звањето **Доктор на науки (Doctor of Philosophy, PhD)**.

## 2. Професионална и наставно-научна дејност

Проф. д-р АнаЛазарова-Никовска своето работно искуство почнува да го стекнува уште за време на додипломските студии, со подоготовка на ученици по англиски јазик, како и со преводи, меѓу кои, од тој период, објавени се следниве:

<u>Од македонски на англиски</u>:

1. „Loca Sanctorum Macedoniae", 'Култот на мартирите во Македонија од 4ти до 9ти век' на Б. Алексова. 1996. Македонска цивилизација, Скопје, Македонија.
2. Меѓународен саем на книгата и литографијата', каталог. 1996. Скопје, Македонија.

<u>Од англиски на македонски</u>:

1. „Мали жени" (детска адаптација). 1999. Просветно дело, Македонија.

<u>Од италијански на македонски</u>:

1. „Тајниот свет на животните" (детска енциклопедија). 2000. Просветно дело. Македонија.
2. „Енеида" (детска адаптација).1998. Просветно дело, Македонија.

По препорака на нејзините професори од факултет, Graham and Margaret Reid, Ана Лазарова-Никовска е ангажирана како професор по англиски јазик во „Центар за странски јазици" во Скопје (1996-1997), каде предава англиски јазик на сите нивоа и возрасти. Во октомври 1997-ма година се вработува како помлад асистент по англиски јазик при Катедрата за англиски јазик на нематични факултети, Филолошки факултет „Блаже Конески", УКИМ, каде работи до 2000-та година, кога го напушта работното место заради долготрајниот докторски престој во Кембриџ, Англија (тогаш е избрана за Предавач по англиски јазик, Катедра за англиски јазик на нематични факултети на Филолошки факултет „Блаже Конески", УКИМ). Како кадар на Катедрата за англиски јазик на нематични факултети држи предавања и вежби по општ и англиски јазик во струка на следниве

факултети: политички, земјоделски, шумарски, ветеринарен, градежен, географија и етнологија, институт за национална одбрана, на групи кои броеја помеѓу 10 и 100 студенти.

По долгогодишниот престој во Англија, во септември 2008-ма година се враќа во Македонија и во академската 2008-2009 е ангажирана како надворешен соработник на Факултетот за применети странски јазици на Универзитетот ФОН, а во јануари 2009-та е избрана во звањето доцент по група предмети од лингвистичките дисциплини на истиот факултет. Во академската 2009-10-та година вработена е во редовен работен однос на Првиот приватен универзитет ФОН, во претходно избраното звање на доцент. **Во декември 2013-та година** избрана е во наставно-научното звање **вонреден професор** по група предмети од лингвистичките дисциплини.

Во текот на својот наставен ангажман на Универзитетот ФОН ги предава следниве предмети Општа лингвистика, Изучување на странски јазик, Семантика, Рано учење на немајчин јазик, Двонасочен превод англиско-македонски, Англиски јазик А7 и А8 (и една година Морфологија на англискиот јазик) на прв циклус на студии, како и предметите Психолингвистика и Учење на странски јазик на втор циклус на студии, а како ко-предавач и предметите Прагматика и анализа на дискурс, како и Социолингвистика, исто така на втор циклус на студии. Д-р Ана Лазарова-Никовска одржува настава по горенаведените предмети од прв циклус во трите одделенија на универзитетот ФОН, поточно во Скопје, Струга и Струмица.

За секој предмет кој ѝ беше доверен обезбеди најнова литература од областа. Исто така, Лазарова-Никовска применува мултимедијална и интерактивна настава, редовно вклучувајќи ги студентите во дебати и дискусии, а ги мотивира и да изработуваат студентски проекти и самостојни истражувња од областа. Настојува да применува интердисциплинарен приод во наставата, поврзувајќи го значењето за конкретниот предмет со други предмети од студиската програма на студентите или со апликативната вредност на презентираниот материјал за идната професија на професор или преведувач, со која поголемиот број од студентите ќе се занимаваат. Како илустрација на горенаведеното би го спомнале целосното модернизирање на силабусот по предметот Општа лингвистика. Преку предметот Психолингвистика, кандидатката посебно се обидува да го заживее Усвојувањето на мајчиниот јазик како научна дисциплина во Р. Македонија, поттикнувајќи ги постдипломците да изработуваат експериментални студии во оваа област, како и да ја развие свесноста кај постдипломците за разните јазични потешкотии, како дислексијата, со цел да ги насочи на изработка на магистерски тези и од оваа област. Со предметот Учење на странски јазик студентите од втор циклус се воведуваат подлабоко во оваа научна област, вклучувајќи и модули релевантни за нашите простори (на пример, Рано изучување на странски јазик) и за иднината на учењето, воопшто (на пример, Електронските технологии во наставата по странски јазици).

Кандидатката е ангажирана како ментор на повеќе дипломски трудови и магистерски тези, првенствено од областите усвојување на странски јазик и психолингвистика, а редовно учествува во комисија за оценка на истите. Проф. д-р Ана Лазарова-Никовска се залага и за професионално поттикнување и поддршка на колеги и алумни на универзитетот преку пишување препораки за стипендии и студентски престој во странство. Континуирано добива **позитивна оценка на резултатите од Самоевалуација** на Универзитетот ФОН.

Од 2013-та година кандидатката Лазарова-Никовска своето теориско знаење и професионално искуство со англискиот јазик го пренесува и во рамки на јазичниот центар „Елоквента", како стручен консултант и ментор на наставниот кадар. За време на ангажманот воведени се значителни иновативни промени во наставниот процес кои се покажаа како исклучително мотивирачки и ефикасни методиски приоди: описменување по методата *phonics* и нејзино прилагодување на македонскиот фонетски систем, алтернативни домашни задачи, CLIL настава, и слично. Овој ангажман има значителна вредност и за универзитетските предавања на кандидатката бидејќи истите континуирано се поткрепуваат со примери и предизвици од практиката.

Од областа на преводот, посебно искуство на кандидатката беше преведувањето на светски познати сликовници од англиски на македонски јазик, наслови со децении објавувани на над 50 јазици во светот и продавани во милионски примероци. Авторот на едните сликовици (Julia Donaldson) е добитник на признанија од англиската кралица за достигнувања во литературата и е карактеристичен по употреба на римата во своите дела. Македонските преводи целосно ја запазуваат оваа стилска карактеристика:

- „Грфало“ од Џулија Доналдсон. 2015. Елоквента, Скопје.
- „Замисленото мајмунче“ од Џулија Доналдсон. 2015. Елоквента, Скопје.
- „Елмер“ од Дејвид МекКи. 2016. Елоквента, Скопје.
- „Елмер и Вилбур“ од Дејвид МекКи. 2016. Елоквента, Скопје.

Проф. д-р Ана Лазарова-Никовска е член на следниве професионални здруженија: Лингвистичка асоцијација на Велика Британија (LAGB), Британска асоцијација на применети лингвисти (BAAL) и на Асоцијација на наставници по англиски јазик на Македонија (ЕЛТАМ). Таа е и акредитиран оценувач и испитувач за меѓународниот тест за познавање на англискиот јазик IELTS (за усно испитување, 2010-2011, за писмено испитување, од 2010-та).

## 3. Научни и стручни трудови

Во доменот на научноистражувачката работа кандидатот проф. д-р Ана Лазарова-Никовска покажува посебен интерес кон истражувањата од областа на изучување на странски јазици, како и од областа на психолингвистиката, семантиката и прагматиката, преведувањето и друго. Своите научни трудови ги презентира на домашни и меѓународни конференции, како и во референтни научни и стручни публикации. Подолу е даден список на објавените трудови:

Листа на **објавени трудови** во референтни научни публикации во периодот **по изборот во звање вонреден професор**:

1. Lazarova-Nikovska, A. 2018. The Asymmetric acquisition hypothesis in the initial stages of child and adult L2 development of English. *Journal of Contemporary Philology* 1(1):7-31 (рецензирано меѓународно)
2. Lazarova-Nikovska, A. 2018. Some linguistic challenges for young learners at pre-A1 level of English. *The Journal of Applied Languages and Linguistics* 2(1):24-32 (рецензирано меѓународно)
3. Лазарова-Никовска, А. 2018. Принципи на наставата по странски јазик на рана возраст. *Просветно дело: Списание за теорија и практика на образованието* 2:67-83. (рецензирано меѓународно)
4. Југрева, М. и А. Лазарова-Никовска. 2017. Психолингвистичка анализа на феноменот „на врв на јазик“ кај деца родени говорители на македонскиот јазик. *Македонски јазик*. Институт за македонски јазик., стр. 211-225. (рецензирано меѓународно)
5. Lazarova-Nikovska, A. 2017. Terminology and complexity issues in bilingual education programmes. *Horizons* 21:7-17. (рецензирано меѓународно)
6. Лазарова-Никовска, А. и С. Лазаревска. 2015. Преведување на дипломите од техничките факултети од македонски на англиски јазик – искуства и препораки. *Зборник на трудови од ЈКППТ*, Филолошки факултет, Скопје, Република Македонија, стр. 519-533. (рецензирано меѓународно)
7. Ana Lazarova-Nikovska. 2014. 'Insights from psycholinguistics for the L2 vocabulary acquisition'. *Proceedings from the International Applied Linguistics Conference: Language in practice, practice in language (Proceedings PLLP)*. Skopje, Republic of Macedonia: pp.135-142. (peer-reviewed, international board)
8. Ana Lazarova-Nikovska. 2014. *Introducing Literacy in the UK: A Case for Phonics.* IBU Journal of Social and Human Sciences 1(1): 31-43. Skopje, Macedonia (peer-reviewed, international)

9. Lazarova-Nikovska, A., Kardaleska, Lj. and I. Stamenkoska. 2014. On parents' beliefs about early second language acquisition. *ELLSEE Proceedings*, Beograd, pp. 221-233. (peer-reviewed, international)

Две публикации се одобрени и се во процес на објавување од страна на Cambridge Scholar.

**Објавена рецензирана монографија**

- Lazarova-Nikovska, A. 2018. *Age Effects in the Initial Stages of Second Language Acquisition of English*. Elokventa, Skopje.

**Необјавени универзитетски помагала**

- Lazarova-Nikovska, A. 2014. Aspects of Meaning: An Introduction (необјавени авторизирани предавања за предметот Семантика и прагматика).

**Претходни публикации:**

1. Ana Lazarova-Nikovska. 2013. *The Issue of Age and Transfer in Second Language Acquisition*. Philologia 11: 33-47. (peer-reviewed, international).
2. Лазарова-Никовска, А. 2013. Возраста како фактор во изучувањето на странски јазици. *Просветно дело 2/3:101-120*. (рецензирано, меѓународно)
3. Лазарова-Никовска, А. и З. Танески. 2013. Ономатопејата во литературата за мали деца: англиско-македонски споредби. *Спектар 61:103-115*. (рецензирано меѓународно).
4. Танески З. и А. Лазарова-Никовска. 2013. Дискурсивноста и комуникативноста на рекламните текстови на осигурателните компании во Македонија. *Македонски јазик*. Институт за македонски јазик., стр. 93-103. (рецензирано меѓународно)
5. Лазарова-Никовска, А. 2013. Улогата на електронските ресурси во наставата по странски јазици на универзитетско ниво. *Зборник на трудовови од меѓународна конференција Електронските ресурси и филолошките студии*, УКИМ, Скопје., стр. 350-363.
6. Лазарова-Никовска, А. 2012. За критичниот период во изучувањето на јазикот *Литературен збор*, vol. *4-6:61-76*. Институтот за македонски јазик.
7. Лазарова-Никовска, А. и Љ. Кардалеска. 2011. Јазичен пуризам и јазична глобализација врз примери од македонскиот современ јазик. *Јазикот наш денешен 20:101-111*. Институт за македонски јазик.
8. Лазарова-Никовска, А. и В. Димова. 2011. Употреба на ИК - технологијата во наставата по јазик. *Прирачник за наставата по немајчин јазик за наставниците во основното, средното и високото образование*, Британски совет, Македонија, стр.72-78.
9. Лазарова-Никовска, А. и Љ. Кардалеска. 2011. „Лингвисти во бизнис секторот''. Стручен текст во *Капитал* (Едукација), ст. 46.
10. Ana Lazarova-Nikovska. 2004. 'Différence de Rythme: L'adulte Acquiert-t-il Plus Rapidement que L'enfant?' ('The Rate Difference Revisited: Are Adults Faster than Children?'). *Acquisition et Interaction en Langue Étrangère* 20: 13-51. (peer-reviewed, international)
11. Ana Lazarova-Nikovska. 2003. 'On Interrogative Sentences in Macedonian: A Generative Perspective.' *RCEAL Working Papers in English and Applied Linguistics* 9: 129-59, University of Cambridge, UK.

**4. Конференции, обуки, проекти**

Покрај обврските во наставата, проф. д-р Ана Лазарова-Никовска за време на своето универзитетско работење продолжува да се надоградува со посета на стручни обуки и

семинари, а учествува и во проекти од нејзината област од посебен интерес, изучување на странски јазик.

**Конференции:**

1. Lazarova-Nikovska, A. 'The grammar of pre-A1 level with young learners of English. May', 2018. Paper presented at the international conference ICSSH, International Balkan University, Skopje, R. Macedonia.
2. Јубилејна петта конференција на ЗПРМ. Декември, 2017. Скопје, Македонија. (присуство)
3. All Teachers are Material Writers. MaWSIG and ELTA, September 2017. Skopje, Macedonia (attendance only)
4. Lazarova-Nikovska, A. 'The compatibility of the CEFR descriptors for young learners' functional competence at the pre-A1 and the A1 levels'. May, 2017. Paper presented at an international conference ICSSH, International Balkan University, Skopje, R. Macedonia
5. Lazarova-Nikovska, A. 'Teaching L2 literacy in early formal contexts: a Macedonian example'. EBFLL International conference, University of Belgrade, October 2016.
6. Lazarova-Nikovska, A. 'Content and language integrated learning programmes: similarities and differences'. ESIDRP International Conference March 2016. Faculty of Philology, UKIM, Skopje.
7. EAQUALS International Conference, 24-26 April 2014. Budapest, Hungary (attending only)
8. Лазарова-Никовска, А. 'Употребата на електронските ресурси на универзитетско ниво.' реферат на меѓународен симпозиум на УКИМ, Скопје, 12-13 септември 2013.
9. Lazarova-Nikovska, A. ,Insights from psycholinguistics for the L2 vocabulary acquisition', реферат на меѓународна конференција, Скопје, 7-8 јуни 2013.
10. Lazarova-Nikovska, A. ,Methodological implications on age differences', реферат на 20-та IATEFL меѓународна конференција, Словенија, 7-10 март 2013.
11. Учесник без реферат на меѓународна 7ма ЕЛТАМ конференција 'Continuing professional development', Скопје (октомври 2012)
12. Лазарова-Никовска, А. и З. Танески. ,Ономатопејта во литературата за мали деца', реферат на Јазични и културни проникнувања низ преведувањето и толкувањето, меѓународна конференција на Катедрата за преведување и толкување во Скопје, 26-27 септември 2012
13. Поповска, С. и А. Лазарова-Никовска. ,Превод на македонските академски звања и степени на англиски јазик', реферат на Јазични и културни проникнувања низ преведувањето и толкувањето, меѓународна конференција на Катедрата за преведување и толкување во Скопје, 26-27 септември 2012.
14. Lazarova-Nikovska, A., Kardaleska, Lj. and I. Stamenkoska. 'On parents' beliefs about early second language acquisition', реферат на меѓународна ELLSEE конференција при Филилошкиот факултет во Белград, декември 2012.
15. Lazarova-Nikovska, A. 'Reading with phonics: its revival in Britain', presentation at the 6th International ELTAM conference, Skopje, Macedonia, October, 2010.
16. Lazarova-Nikovska, A. 'The Rate Difference Revisited: Are Adults Faster than Children?' 2003. 8та годишна конференција за применета лингвистика (ELIA), Универзитет на Севиља, Шпанија.
17. Lazarova-Nikovska, A. 'Child-adult differences in language acquisition'. 2001. NWCL Research Training Workshop, Edge Hill College, United Kingdom.
18. Lazarova-Nikovska, A. The Initial Stages of Macedonian Child L2 and Adult L2 Acquirers of English: An Experimental Study.' 2001. Discussions in Language Acquisition III, Cambridge-Essex workshop, University of Cambridge, United Kingdom.
19. Лазарова-Никовска, А и М. Златковска. 'Продуктивноста на суфиксот *–able* во компјутерската терминологија'. (реферат) Прва македонска меѓународна конференција по применета лингвистика, Скопје, Македонија. 1998.

**Проекти**:

1. 'Mediation descriptors for the CEFR', (expert member). 2015. Council of Europe and Elokventa (Macedonia).
2. „Континуиран професионален развој на наставниците по англиски јазик", 2015. Биро за развој на образованието и Британски совет, Македонија.
3. „Ефектот на изучување странски јазик во предучилишна и раноучилишна возраст", (раководител на проектот) 2010. Министерство за образование и наука, Македонија и ФОН Универзитет.
4. 'Modernising the Methodology of Teaching Non-native Languages in the Macedonian Educational System' 2010. (project member): British Council, OBSCE, Bureau for Development of Education, Republic of Macedonia.

**Обуки**:

1. *Primary Essentials–Language Teaching for Young Learners.* 10 неделна обука на далечина (on-line course) организирана од Британскиот совет за предавање англиски на рани изучувачи на јазикот. 2013. За обуката се стекна со највисока оценка – Excellent.

**Семинари и вебинари (избор)**:

1. 'Online sources and digital tools for improving language ability, knowledge and awareness for language teachers'. 2018. Cambridge Assessment.
2. 'The alignment of Young Learners Exams and Key for schools and the impact of learning'. 2018. Cambridge Assessment.
3. 'Factors influencing successful teaching of English in state primary schools'. 2015. British Council.
4. 'Successful inclusion for the dyslexic students in the English language classroom'. 2015. British Council.
5. 'Supporting young English language and literacy learners'. 2015. Oxford University Press.
6. 'Dealing with difficult learners – new insights and practical tips on dealing with the most challenging students'. 2013. Британски совет.
7. ,Методика на настава по англиски јазик, со предавач Gary Anderson 'Cambridge Day'во Скопје. 2012.
8. 'The Role of Grammar Instruction in Second Language Acquisition: Theoretical and Practical Considerations'. 2012. University of Greenwich, London.

**Гостувања**:

1. Радио интервју за Deutsche Welle на тема „Глобализација и македонскиот јазик'' (ноември 2011).
2. Гостување на А1 телевизија по повод Европскиот ден на јазиците (септември 2010).
3. Предавање по покана на универзитет Трето доба на тема на тема „Важноста од изучување странски јазици кај возрасни'' (ноември 2010).

## 9. Досегашни раководни функции

Во досегашниот свој професионален развој, проф. д-р Ана Лазарова-Никовска извршува повеќе функции и е на повеќе позиции на одговорност. Во периодот од 2010-2012 беше декан на Факултетот за странски јазици (ФСЈ) при Универзитетот ФОН. Покрај секојдневните состаноци, контакти со странки и административно-наставните потреби на студентите и кадарот, некои од поголемите ангажмани за време на мандатот кои бараа координација вклучуваа: изработка и акредитација на нови студиски програми; изработка на работна верзија на елаборат за докторски студии; отпочнување на втор циклус на студии на ФСЈ; меморандум за соработка со Британски совет; годишно одбележување на Европскиот ден на јазици; воспоставување и реализирање на кличничка и практична настава; ФСЈ-

домаќин на меѓународна конференција на ЕЛТАМ; Неделата на италијанскиот јазик и друго. Во 2009-2010, беше продекан на Факултетот за применети странски јазици при Универзитетот ФОН, каде покрај тековната поддршка на тогашниот декан, проф. д-р Алекса Попоски, помеѓу ангажманите за време на продеканскиот мандат во кои д-р Лазарова-Никовска зема поголемо учество се вбројуваат: учество во изработка на елаборат за нова студиска програма за преведувачка насока; изработка на годишен извештај на факултетот; изработка на специјален рекламен прилог за ФПСЈ отпечатен во дневниот весник „Време" во 2010-та година; обезбедување на надворешен кадар и друго.

За време на своето работење на ФОН универзитетот, покрај горенаведените функции, проф. д-р Ана Лазарова-Никовска беше избрана за член на комисијата за доделување на националната награда за научни достигнувања „Гоце Делчев'' за периодот 2010-2012, каде беше единствениот претставник од приватните универзитети во Р. Македонија. Член беше и на организацискот одбор на меѓународните конференции одржани на Универзитетот ФОН (Јазикот во праксата, праксата во јазикот во јуни 2013 и на ЕЛТАМ во октомври 2010).

Пред своето вработување на ФОН универзитетот, проф. д-р Ана Лазарова-Никовска беше избрана за студентски претставник на Управниот одбор на RCEAL, Универзитет на Кембриџ (2001-2002), студентски претставник на постдипломците на Катедрата за англистика, Универзитет на Кембриџ (1998-1999), како и заменик претседател на Македонско-италијанската асоцијација (1992-1996).

**(2) доц. д-р Љубица Кардалеска**

1. **Биографски податоци и образование**

Љубица Кардалеска, родена во 1972 година, дипломирана во 1996 на наставната и преведувачката насока на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, и се стекнала со звање дипломиран професор по англиски јазик и книжевност со просек 8,4. Во 1998 година се запишува на постдипломски студии на истиот факултет, ги завршува испитите со просек 9,6 и во 2003 година, со одбраната на тезата под наслов „Показатели на адверсативната релација во англискиот и во македонскиот јазик" се стекнува со научна титула Магистер по филолошки науки. Во 2008 година ги започнува докторските студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, и во 2013 година ја одбранува својата докторска дисертација „Сегашен перфект (прост и траен) во англискиот и неговите еквиваленти во македонскиот јазик" и се стекнува со звањето Доктор по филолошки науки на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

2. **Професионална и наставно-научна дејност**

Своето работно искуство го гради уште од 1997-та година како учесник на проект на Светска банка во рамките на Министерството за здравство на РМ. Оттогаш има работено и на други слични меѓународни проекти, со обврска превод и толкување во области поврзани со структурни и правни реформи и хармонизација на регулативата на РМ со регулативата на ЕУ. За време на нејзиното работење на проектите, Љубица има остварено и посета во САД, што е посебно важно за усовршување на компетенциите на професорот во наставата по јазични и културолошки предмети од англосаксонска тематика. Од 2003-2005 година работи како надворешен соработник на Катедрата за преведување и толкување при Филолошкиот факултет во Скопје, каде реализира настава по англиски јазик. Напоредно, таа работи и во приватно училиште за странски јазици. Во 2007 година се вработува на Првиот приватен универзитет ФОН во редовен работен однос најнапред како асистент по предметот Морфологија на англискиот јазик, по што е избрана како лектор по англиски јазик на Факултетот за применети странски јазици. По изборот за лектор по англиски јазик на

Универзитетот ФОН во најголемиот дел нејзиното работно искуство опфаќа работа на матичниот факултет – Факултетот за странски јазици, но покрај тоа Љубица изведувала настава по англиски јазик и на Факултетот за политички науки, меѓународни односи и дипломатија (за што има напишано и рецензирано учебно помагало во 2012 година *Компендиум на англиски текстови – со јазични вежби за лексика и анализа на текст*), на Факултетот за економски науки, Факултетот за правни науки. На подрачјето Англиски јазик во струка, во 2014 била ангажирана како предавач на Курс по англиски јазик за политички науки во Американското катче во Скопје.

На Факултетот за странски јазици Љубица Кардалеска држела и држи настава на студентите од сите години и тоа по предметите Морфологија на англискиот јазик, Интеркултуролошка комуникација, Деловен англиски јазик. Љубица е исто така ангажирана и на втор циклус на студии, по предметите Јазик, култура и комуникација, Деловна комуникација на АЈ, Двонасочен деловен превод од АЈ на МЈ, и Теории и техники на преведување.

Кандидатката редовно се труди да го збогати искуството на студентите и надвор од предвидениот материјал, каде посебно во културолошките предмети, разработува со студентите актуелни теми од општествениот и деловен живот на земјите од англо-саксонското подрачје. Овие теми се анализираат преку семинарски трудови, видео проекции, дебати и слично.

Во рамките на нејзините ангажмани на Факултетот за странски јазици спаѓаат и организациски и административни работи; учество во различни комисии (на пр. координатор за постдипломските студенти од насоката меѓународен бизнис, комисија за трансфер на студенти, комисија за распределба на ангажман и распореди), учество во изработката на наставните и на предметните програми по англиски јазик за ФСЈ и за нематичните факултети при Универзитетот ФОН, писмени преводи на официјални документи и договори за потребите на Универзитетот итн. Сите овие обврски, кандидатката Кардалеска навремено и ажурно ги извршува.

3. **Конференции, обуки, проекти**

Љубица Кардалеска се истакнува и со богата научно-истражувачка дејност од повеќе области на традиционалната и применета лингвистика. Учествува со свои реферати на бројни национални и меѓународни конференции (меѓу кои се научни собири во Гронинген (Холандија), Виго (Шпанија), Познан (Полска), Белград, Нови Сад, Ниш (Србија)). Кандидатката покажува интерес за контиуниран професионален развој преку учество на обуки од областа на методиката на настава по англиски јазик (преку стекнување со CELTA сертификат во Лондон, Велика Британија) и од областа на психолингвистиката и дидактиката (посебно од областа на развојната психологија и потешкотии во јазичниот развој и описменување, реализирани во Белград и Скопје), како и од областа на конференциски и симулатан превод (реализирани во Полска и Естонија).

Љубица Кардалеска е учесник и на проектот насловен „Ефектот на рано учење на странски јазик'', финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, а е и постојан активен член на Истражувачкиот центар за ареална лингвистика при МАНУ, Р. Македонија.

4. **Научни и стручни публикации**

Во делот потешкотии со вештината читање, ко-авторски учествува во изготвување на два учебника:

1. „Процена и стратегии за работа со ученици со дислексија, дискалкулија, дисграфија и диспраксија" (во ко-авторство со Александра Каровска Ристовска, Горан Ајдински и Орхидеја Шурбановска), Филозофски факултет, УКИМ, Скопје, 2018 и

2. „Специфични тешкотии во учењето: Дислексија, Дисграфија, Дискалкулија и Диспраксија“ (во ко-авторство со Александра Каровска Ристовска и Горан Ајдински), Филозофски факултет, УКИМ, Скопје, 2016.

Има објавено голем број научни и стручни трудови во домашни и меѓународни професионални списанија, од кои 7 во последните 5 години (од изборот во доцент):

1. "Teachers as material designers - insights from designing an ESP course book in English for political science and diplomacy" (во ко-авторство со Габриела Неделкоска) - Positioning English for Specific Purposes in an English Language Teaching Context, University of Nis, Serbia, no.1, јули 2018, стр. 94-100.
2. "Revisiting the view of phonological and phonemic awareness as early predictors in reading difficulties" (во ко-авторство со Александра Каровска-Ристовска) VIZIONE Skopje 29/2018, јануари 2018, стр. 23-31;
3. "Deciding to compensate or remediate with struggling readers" (во ко-авторство со Александра Каровска-Ристовска) VIZIONE Skopje 28/2017,јули 2017, стр. 93-101;
4. “Parallel Thinking Tools in ESP language instruction” Journal of Teaching English for Specific and Academic Purposes, University of Nis, Vol. 4, no.2, 361-365, стр. 2016;
5. “Points of intersection between linguistics and law-enforcement”, Меѓународен годишник на Факултетот за безбедност, 2016/2, стр. 94-100
6. “Individualized approach as a form of adjustment in reading instruction for dyslexic pupils” International magazine for social sciences VIZIONE Skopje 24/2015, стр. 47-57.
7. “On parents’ beliefs about early second language acquisition”, Зборник на трудови – Конференција ELLSEE – Филолошки факултет, Катедра за англиски јазик, Белград, 2014.

- Претходно објавени значајни трудови во научни и стручни списанија и зборници:

1. “The impact of jigsaw approach on reading comprehension in the ESP classroom” – Journal of Teaching English for Specific and Academic Purposes –University of Nis, Serbia, Vol.1, no.1, 2013, стр. 53-58.
2. “Active learning techniques as instructional tools aimed at fostering reading comprehension in the ESP classroom”, Department of Foreign Languages, Academy of the Interior Troops, Ministry of Internal Affairs, Kharkiv, Ukraine, 2013;
3. „Воведување странски јазици на рана возраст – биолошки и социолошки фактори’’, Литературен збор (4-6), 2012;
4. „Развојната дислексија како јазична тешкотија”, Литературен збор (1-3), 2012;
5. „Влијанието на контрастивниот приод при совладувањето на семантичкиот опсег на англискиот сегашен перфект” - Зборник на рецензирани трудови - Конференција - Филолошка истраживања данас, Белград, 2012;
6. „Најзастапени тешкотии при усвојувањето на компонентите на англискиот сегашен перфект од страна на говорителите со македонски мајчин јазик” – Зборник на рецензирани трудови - Меѓународен конгрес за применета лингвистика, Нови Сад, 2011;
7. „Ambiguity as an instrument in verbal expression”, Komunikacija i kultura, issue II - online journal (peer-reviewed), 2011;
8. „Континуитет во јазичното образование на сите нивоа на формалниот образовен систем”, Зборник на трудови, Конференција – Наука и савремени универзитет, Ниш, 2011;
9. „Јазичен пуризам и јазична глобализација врз примери од современиот македонски јазик”, Јазикот наш денешен, книга 20, Институт за македонски јазик, Скопје, 2011;

10. „Статусот на негацијата во реченични структури со композитот додека не", Прилози на МАНУ, XXXVI, 1-2 (посветен на акад. Зузана Тополињска), 2011;
11. „Специфики на говорниот развој кај близнаците", Литературен збор (1-3), 2009;
12. „Синонимските низи при усвојувањето на вокабуларот", Литературен збор (4-6), 2009;
13. "Verbs + ing forms and Verbs + (to) Infinitive" - distinctions - HUPE – Newsletter, Загреб, 2009;
14. „Јазикот и социјалниот престиж", Годишен зборник на трудови, Универзитет ФОН, 2009;
15. "Building and Maintaining an Adequate Vocabulary", MELT - Newsletter, ELTA, Белград, 2008;
16. „Експоненти на адверсативната релација во англискиот и во македонскиот јазик", Slavia Meridionalis, Полска академија на науките и уметностите, 2003;
17. „Формални експоненти на семантичката категорија Определеност - контрастивна анализа на употребата на членот во англискиот и во македонскиот јазик" – Зборник на рецензирани трудови, Научен собир, Adam Mickiewicz University, Познан, Полска, 2003;
18. „Синтаксичка деривација" – превод на англиски на поглавје од едицијата „ Полски – македонски, Граматичка конфронтација" (бр. 6) – од акад. Зузана Тополињска, МАНУ, 2003;
19. „ Bilingual children" – II Меѓународен симпозиум за билингвизам, Универзитет Виго, Шпанија,2002;
20. „Уривањето на Кулата Вавилонска – благослов или проклетство" - Зборник на трудови - Поглавје Преведување – Конференција за применета лингвистика, Нови Сад, 2001.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

**(1) проф. д-р Ана Лазарова-Никовска**

Врз основа на целокупната биографија на кандидатот, стекнатото образование на најпрестижниот универзитет во Европа, а трет на светско ниво (Универзитетот на Кембриџ, според ARWU Shanghai university ranking 2018), досегашната наставна, научно-истражувачка, менторска, раководна и стручна активност на кандидатот проф. д-р Ана Лазарова-Никовска, може да се заклучи дека кандидатот покажува развоен пат, преку процес на продлабочување на знаењата од клучните полиња на интерес, со посета и учество на бројни семинари, конференции, обуки, проекти, како и со самостојни и ко-авторски публикации во национални и меѓународни професионални списанија.

Согледувајќи ја целокупната научно-истражувачка и наставна активност на кандидатот, Рецензентската комисија оценува дека професор д-р Ана Лазарова-Никовска ги исполнува сите законски услови и поседува квалитети да биде избрана во наставно-научно звање „редовен професор". За таа цел, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици, да ја избере **проф. д-р Ана Лазарова-Никовска** во звањето **редовен професор** во наставно-научните области Англистика и Применета лингвистика.

**(2) доц. д-р Љубица Кардалеска**

Имајќи ги предвид квалификациите на пријавената кандидатка, како и широчината на интереси и нивното успешно поврзување со примарната област на стручен и научен интерес, поткрепени со приложената документација, понатаму постигнатите резултати во наставата по англиски јазик, целокупниот ангажман во административното работење на Универзитетот ФОН, како и континуираната и богата научно-стручна надградба и публикации, Комисијата дојде до заклучок дека д-р Љубица Кардалеска целосно ги исполува условите на конкурсот за избор во наставно-научно звање од областите Англистика и Применета лингвистика (според Фраскатиевата класификација) на Факултетот за странски јазици при Првиот приватен универзитет ФОН, каде кандидатката изведува настава.

Врз основа на горенаведеното, чест и задоволство ни е да му предложиме на ННС при Универзитетот ФОН да ја избере **д-р Љубица Кардалеска** во звањето **вонреден професор** за научните области Англистика и Применета лингвистика**.**

Скопје, 12.10. 2018

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

______________________________

проф. д-р Лилјана Митковска, с.р., претседател

______________________________

проф. д-р Марија Јанева-Михајловска, с.р., член

______________________________

проф. д-р Анжела Николовска, с.р., член

## РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИТЕ 64004 АНГЛИСТИКА И 64028 МЕТОДИКА НА ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ПРИ ПРВИОТ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ ФОН, РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Наставно-научниот совет на Факултетот за странски јазици при Првиот приватен универзитет ФОН, Република Македонија, на својата редовна седница одржана на 05.09.2018 година, донесе одлука за формирање рецензентска комисија во состав: проф. д-р Лилјана Митковска, проф. д-р Ана Лазарова-Никовска и доц. д-р Љубица Кардалеска, за избор на **еден наставник од научните области 64004 Англистика и 64028 Методика на јазик** на Факултетот за странски јазици при Универзитетот ФОН во Скопје.

# РЕЦЕНЗИЈА

На конкурсот распишан во дневниот весник *Слободен Печат* од 06.07.2018, се има пријавено д-р Искра Стаменкоска, виш лектор на Факултетот за странски јазици при првиот приватен Универзитет ФОН, како единствен кандидат. Откако ги разгледавме пријавите и доставената документација го подготвивме следниот извештај за биографијата, научноистражувачката и наставната дејност и поширокиот општествен ангажман на кандидатката.

**Биографски податоци**

Д-р Искра Стаменкоска, род. 1977 год., дипломирала Англиски јазик на наставната насока на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје во 2000 година со просек 8.00. Во 1994-95 посетувала средно училиште во Порт Орчард, Вашингтон ДЦ. Од 2003 до 2005 посетувала постдипломски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, отсек Англиски јазик, и ги положила предвидените испити со просек 9.5. Во 2011 година ја одбранила магистерската теза под наслов „Диктатот како техника за усовршување на севкупните јазични способности" и се стекнала со научен степен Магистер на филолошки науки. Нејзиниот интерес е во областа на методологијата на наставата по англиски како странски јазик. Во 2013 година, во рамките на програмата Junior Faculty Development Program, како стипендист на Американски совети и Државниот секретаријат на САД, таа поминала еден семестар на катедрата за применета лингвистика при Државниот универзитет Ајова, каде што посетувала низа предмети од струката. Во 2015 година, како стипендист на Американската амбасада во Скопје, а организиран од страна на Универзитетот Орегон во САД, посетува 10 неделен онлајн курс од областа на оценување

на јазичните компетенции при изучувањето на англискиот јазик како странски јазик. Во 2016 и 2017 посетувала напредна обука за наставници по англиски јазик и се стекнала со дипломата Делта Кембриџ (Diploma in Teaching English to Speakers of Other Languages), издадена од Cambridge English, одделот за тестирање и сертифицирање при Универзитетот Кембриџ. Во август 2017 била дел од летната школа за докторанди „Мултилингвални општества: интердисциплинарни приоди и социо-когнитивни аспекти" на одделот за лингвистика и скандинавски студии на Универзитетот во Осло, Норвешка. Во мај 2018 година ја одбранила докторската дисертација под наслов „Следење и формативно оценување на јазичната компетенција во англискиот јазик како странски јазик преку традиционалните методи на оценување наспроти употребата на портфолио" и се стекнала со научен степен Доктор на филолошки науки.

**Наставна и стручна дејност**

Д-р Искра Стаменкоска има повеќегодишно искуство во предавање англиски јазик на сите нивоа, а од 2003 година работи како лектор по современ англиски јазик на Универзитетот ФОН, почнувајќи со студентите на групата Англиски јазик на ММ-Колеџот, потоа со студентите на Факултетот за применети странски јазици. Во текот на 2005/2006 и 2006/2007 таа ги изведува вежбите по предметот Методика на наставата по англиски јазик за студентите од ММ-Колеџот, а од 2007 до сега и вежбите по Методика на настава по АЈ и практичната настава на Факултетот за странски јазици на Универзитетот ФОН, при што редовно ги носи студентите на хоспитации во основни и средни училишта. Вклучена е и во изведување на наставата по теоретските предмети Анализа на наставни методи како и Изучување на странски јазик, на прв циклус студии при ФСЈ. Од вработувањето во оваа институција до сега, таа исто така изведувала настава по англиски јазик и на другите факултети – Факултетот за безбедност и Факултетот за политички науки, како и лекторската настава за постдипломци и наставата за средношколци во 5-та приватна гимназија. Во педагошката работа д-р Искра Стаменкоска се истакнува со својата посветеност и методолошка стручност, за што сведочат и редовните признанија од студентите за нејзината подготвеност и организираност на часот. Како потврда на тоа во 2010 година д-р Искра Стаменкоска беше избрана од страна на студентите за најдобар ЛЕКТОР во таа година и ѝ беше врачена пофалница од управата на ФОН универзитетот.

Покрај ангажираноста во изведувањето на наставата, д-р Искра Стаменкоска крајно професионално ги исполнува своите обврски и во сите други задолженија, како што се учество во подготовката на програмата за лекторската настава на Факултетот за странски јазици, преведување за потребите на Универзитетот ФОН, придружување на студентите на семинари и низа други активности од интерес за факултетот и Универзитетот ФОН во целост. Безрезервно е вклучена во сите активности при ФСЈ, како подготовка на распореди, информирање на студентите за можности за мобилност и за вон-наставни активности при ФСЈ. Во изминативе 3 години, таа е претседател на комисијата за

самоевалуација на Факултетот за странски јазици. Посебно треба да се истакне нејзиниот ангажман во изготвувањето на тестот по АЈ за кампањата за стипендирање на најдобрите средношколци организирана од страна на ФОН „И во Македонија се може", и учеството во спроведување на интервјуто со најдобрите кандидати. Во 2011 година таа учествуваше и во подготовка на тестот за државниот натпревар по АЈ организиран од страна на Петтата приватна гимназија во Скопје.

**Научно-истражувачка дејност**

Покрај практичната дејност, д-р Искра Стаменкоска се интересира за теоретските аспекти на наставата по англискиот како странски јазик. Во тој правец се насочени и темите на нејзиниот магистерски и докторски труд, како и издадените статии и проекти во кои учествувала по изборот за виш лектор во 2014, наведени во прилогот. За нејзиниот развој во оваа област значајни се и нејзините претходни активности, особено учеството во два проекти од областа на методиката на наставата по англиски јазик како странски: во проектот на Британскиот совет за изработка на Прирачникот за настава по немајчин јазик (2011), како коавтор на делот под наслов „Проверка на јазичните вештини", како и во научниот проект на тема „Ефектот на раното изучување на странски јазик", поддржан од МОН (2010-2014). Во рамките на овој проект таа била вклучена во следниве фази: контакт со училишта, изработка на анкетата за родителите и тестот по АЈ за првачињата-испитаници, тестирање на испитаниците, внесување на нивните податоци во електронска верзија.

Д-р Искра Стаменкоска учествувала и во низа проекти за унапредување на неформалното образование во РМ. Во 2014 година учествувала во проектот *Сонуваме и другаруваме*-проект на Американската амбасада во Скопје, а имала улога на евалуатор, мерејќи повеќе аспекти од оваа програма, меѓу кои и јазичните компетенции на 100 учесници во проектот. Веќе трета година е вклучена во проект под покровителство на Регионалната канцеларија за англиски јазик во Будимпешта (Државен секретаријат на САД), каде ја испитува употребата на графички романи при изучувањето на англискиот јазик кај адолесценти.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од изложениот преглед се гледа дека кандидатката д-р Искра Стаменкоска целосно ги исполнува условите на конкурсот за избор на наставник од научните области 64004 Англистика и 64028 Методика на јазик: завршена соодветна насока при студирањето, постигнат висок просек на досегашните студии, наставно искуство (на соодветно образовно ниво), постдипломски и докторски студии на соодветна насока, стручно усовршување и научни и стручни публикации. Имајќи ја предвид нејзината досегашна успешна работа, односот кон студентите и целокупниот ангажман на Универзитетот ФОН

и пошироко во областа на предавање англиски јазик, несомнено заслужува да биде избрана. Со оглед на нејзината повеќегодишна успешна педагошка дејност и стручното усовршување и напредување со задоволство предлагаме **д-р Искра Стаменкоска** да биде избрана во звање **доцент** за научните области **64004 Англистика и 64028 Методика на јазик**.

Скопје, 12.10.2018

Рецензентска комисија:

____________________________________

1. проф. д-р Лилјана Митковска, с.р., претседател

____________________________________

2. проф. д-р Ана Лазарова-Никовска, с.р., член

____________________________________

3. доц. д-р Љубица Кардалеска, с.р., член

## ПРИЛОГ

**Публикации:**

Stamenkoska, I. (2018). On Students' Perception About Self-Assessment and Peer-Assessment as Part of a Portfolio Assessment Model. Journal of Applied Languages and Linguistics, 2(1), pp.32-41.

Stamenkoska, I. (2018). Idioms in the EFL Classroom. Horizonti Journal, Series A. St. Kliment Ohidski University of Bitola. (Peer-reviewed, international board)

Stamenkoska, I. (2017). Using Pre-Reading Strategies with EFL Students to Facilitate Successful Reading Comprehension. ELTA Journal- An Interdisciplinary Journal of EFL Practice & Research, 5(5), 2334-9662, 97-106. (Peer-reviewed, international board)

Lazarova, A., Kardaleska, Lj. & Stamenkoska, I. (2014). On parents' beliefs about early second language acquisition. ELLSEE Proceedings. 4th International Conference of English Language and Literature Studies: Embracing Edges. English Department, Faculty of Philology, University of Belgrade. pp. 221-233. (Peer-reviewed, international board)

**Учество на проекти и работилници:**

| | |
|---|---|
| Август, 2018 | Формативно и сумативно оценување во наставата по англиски како странски јазик (двонеделна обука за наставници по англиски јазик)<br>Американско Катче- Скопје<br>Обучувач |
| октомври 2015-<br>јануари 2016 | Континуиран професионален развој на наставниците по англиски јазик, проект на Британскиот совет и Бирото за развој на образованието |
| септември, 2015-<br>јуни 2018 | Графички романи 101<br>Програма на Американската амбасада- Скопје и РЕЛО (Регионална канцеларија за англиски јазик- Будимпешта) |
| јуни, 2015 | Работилница за подобрување на наставата по странски јазици, ФОН Универзитет- Скопје<br>Тема: Оценување на јазичните вештини |
| јануари- март, 2015 | Стипендија за *е-настава* (10 недели), Американска амбасада- Скопје, Универзитет во Орегон<br>Курс: Формативно и сумарно оценување |
| септември, 2014-<br>јули, 2015 | Мониторинг и евалвација *Сонуваме и другаруваме,*<br>Програма за виртуелна размена Грант на Државниот секретаријат на САД |
| септември 2013- ноември, 2014 | Модератор на 4 курсеви по академско пишување (волонтер), Американско катче- Скопје |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА НА БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ И УПРАВУВАЊЕ СО ПЕРФОРМАНСИ

Врз основа на конкурсот, распишан во весникот Слободен печат од 06.07.2018 година, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во областа на бизнис менаџмент 50603 и управување со перформанси (друго) 50329, Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Првиот приватен универзитет - ФОН на седницата одржана на 17.09.2018 година донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија во состав:

- Д-р Роберт Димитровски, редовен професор - претседател,
- Д-р Кирил Постолов, редовен професор - член,
- Д-р Мирко Трипуноски, редовен професор - член.

По прегледот на доставената документација, врз основа на Законот за високо образование и Статутарните одредби на Универзитетот ФОН од Скопје, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен од Првиот приватен универзитет - ФОН во дневниот весник Слободен печат од 06.07.2018 година, за избор на наставник од областа на бизнис менаџмент 50603 и управување со перформанси (друго) 50329 се пријави еден кандидат и тоа: доцент д-р Ирена Ашталкоска.

Пријавата на кандидатот Ирена Ашталкоска ја проучивме и по однос на истата ги изнесуваме следниве констатирани факти:

- **Библиографски податоци**

Кандидатот д-р Ирена Ашталкоска е родена на 19.04.1981 год. во Струга, Република Македонија. Основното образование го завршува во основното училиште “Браќа Миладиновци” во родниот град. Средното образование го завршува во

Државното средно училиште “Нико Нестор” во Струга, насока природно математичка гимназија.

Дипломира на Економскиот факултет, при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје на 13.01.2005 година по успешната одбрана на својата дипломска работа, со што се стекнува со звање **дипломиран економист од областа на менаџментот.**

На постдипломски студии на Економскиот факултет во Скопје на насоката менаџмент се запишува во учебната 2005/2006 година, каде предвидените испити од наставната програма ги положува со среден успех 9,22. Во октомври 2008 година го пријавува својот магистерски труд на тема: “Управување со флуктуацијата и апсентизмот во организацијата”.

На 10.11.2009 година година Ашталкоска успешно го одбранува магистерскиот труд со што се здобива со научен степен **магистер по економски науки од областа на менаџментот**.

Во Октомври 2011 година ја пријавува својата докторска дисертација на Економскиот институт при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје на тема: “Улогата и значењето на процесот на управување со перформансите на вработените за зголемувањето на развојните потенцијали на организациите”.

На 18.12.2013 година Ашталкоска успешно ја одбранува докторската дисертација со што се здобива со научен степен **доктор по економски науки**.

Активно ги владее компјутерските вештини, а од странските јазици англискиот јазик.

- **Професионална кариера**

- **2002-2004** - Управител на фирмата ДООЕЛ „Настел“ - Струга. Како управител се занимава со организација, планирање, стратегиски развој и други менаџерски активности.
- **2005-2008** – Помлад асистент на Факултетот за економски науки, Прв приватен Европски Универзитет. Покрива група предмети од областа на економијата и менаџментот.
- **2008-2010** – Помлад асистент на Прв приватен Универзитетот ФОН. Покрива група предмети од областа на економијата и менаџментот.
- **2010 – 2014** - Асистент на Прв приватен Универзитетот ФОН. Покрива група предмети од областа на економијата и менаџментот.
- **2014 -** - Прв приватен Универзитетот ФОН, каде на Факултетот за економски науки е избран во наставно-научно звање доцент во областа на бизнис менаџментот. Покрај одржувањето на редовни предавања и менторирањето на кандидати, со свои реферати учествува на повеќе меѓународни и домашни научни конференции и семинари.

Како доцент Ирена Ашталкоска во периодот од 2014 до 2018 година држи настава на следните факултети на Универзитет ФОН:

- Факултет за економски науки,
- Факултет за странски јазици,
- Факултет за спортски менаџмент, и

- Факултет за информатика.

Како доцент на додипломски студии во периодот од 2014 до 2018 година ги предавала предметите:

- Основи на менаџмент,
- Менаџмент на мал бизнис,
- Менаџмент на човечки ресурси,
- Менаџмент информациони системи.

На специјалистички студии во периодот од 2014 до 2018 година ги предавала предметите:

- Лидерство,
- Менаџмент на промени,

На последипломски студии во периодот од 2014 до 2018 година ги предавала предметите:

- Иновација и развој на нови производи и услуги,
- Бренд менаџмент,
- Управување со резултати.

Акредитирана е за ментор на магистерски трудови и била ментор во изработка на повеќе дипломски, специјалистички и магистерски трудови, претседател и член на комисии за оцена и одбрана на истите.

**Ашталкоска се јавува како автор и/или коавтор на повеќе научни и стручни трудови, меѓу кои:**

**Позначајни трудови до избор за Доцент:**

1. "**Crisis as a factor for appearance of conflicts between labor force in organizations and strategies to overcome them**", UniversityEducons, 2013, UDK: 338.124.4:330.11 ISBN: 978-86-87785-45-8, p.129-135
2. **"Forein direct investment as a factor for raising the level of living standard"**, International ScientificConference on economic development and standard ofliving "EDASOL 2012 - Economic development and Standard of living",Pan-European University Apeiron, Banja Luka, 2012, ISBN 978-99955-49-93-0, p.18-26
3. **"How corporate culture can influence financial performance of banks**", May conference on strategic management, University of Belgrade, Bor, Srbija, 2012, ISBN: 978-86-80987-96-5, p.929-934
4. "**Frustration of working as a problem of human resources management",** UTMS Journal of Economics, 2012, Print ISSN: 1857-6974, Electronic ISSN: 1857-6982, p.193-198
5. **"Support in the development of small and medium enterprises",** International Conference for Strategic Management, Zajecar, Serbia, 2011, ISBN: 978-86-80987-85-9, p.620-628

6. **"A regular human potential in companies as a comparative advantage over competitors,"** International Scientific Conference - Knowledge as capital for the future, ISBN: 97899-295-4-8, Ohrid, 2009
7. **"The problems that set the fluctuation of the workforce in the human resource management"**, International Scientific Congress, University of Tourism and Management, Skopje, 2009, p.272-281

**Позначајни трудови од избор за Доцент:**

1. **"The negative effect of employee turnover in business operations in the organization"** VIZIONE International magazine for social sciences, Open access journal EBSCO (2014), ISSN: 1409-8962 – print form, ISSN: 1857-9221 electronic form, UDC:005.32: 331.101.3]: 336.71 (497.7), p.343-354, , Skopje July, 2018
2. **"Role and support of the state for innovation as a factor for the development of the economy"** XIV International May Conference on Strategic Management – IMCSM18 May 25 – 27, 2018, Bor, Serbia, An international publication for theory and practice of Management Science, Book of proceedings, University of Belgrade, Srbija, 2018, accepted in the EBSCO Host base, ISBN 978-86-6305-082-2, p. 498-506
3. **"The role and impact of organizational culture on organizational performance in the Republic of Macedonia"** KNOWLEDGE International Journal Scientific papers Vol. 23.1 Institute of knowledge management, Budva, Montenegro, May, 2018, ISSN 1857-923X (for e-version), ISSN 2545-4439 (for printed version), Global impact and quality factor 1,322 (2016), pp.261-267
4. **"The importance of talent management in corporate governance"** KNOWLEDGE International Journal Scientific papers Vol. 20.3 Institute of knowledge management, Bansko, Bulgaria, December, 2017, ISSN 1857-923X (for e-version), ISSN 2545-4439 (for printed version), Global impact and quality factor 1,322 (2016), pp.12431-1247
5. **"The impact of teamwork on organizational success"** KNOWLEDGE International Journal Scientific papers Vol. 18.1 Institute of knowledge management, , ISSN 1857-923X (for e-version), ISSN 2545-4439 (for printed version), Global impact and quality factor 1,322 (2016), pp.61-67, Skopje, 2017
6. **"The impact of conflict management on organizational performance"** VIZIONE International magazine for social sciences, Open access journal EBSCO (2014), ISSN: 1409-8962 – print form, ISSN: 1857-9221 electronic form, UDC:005.32: 331.101.3]: 336.71 (497.7), p.309-321, Vizione 25/2016, Skopje 2017
7. **"The impact of process of managing results on the profitability of organizations"** XIII International May Conference on StrategicManagement - IMKSM 2017, Book of proceedings, Technical Faculty in Bor, Srbija, Maj 19-21, 2017, accepted in the EBSCO Host base, ISBN 978-86-6305-042-6, p. 313-320
8. **"The impact of planning the performance of the employees on organizational performance in the small and medium enterprises"**, IMPACT: International Journal of Research in Business Management (IMPACT: IJRBM), ISSN(P): 2347-

4572; ISSN(E): 2321-886X, Vol. 4, Issue 11, Impact Factor: 2.9867, ICV Factor: 59.44; NAAS Rating: 3.09, IBI Factor: 2.7; Nov 2016, pp. 47-54

9. **"E-banking as a prerequisite for improving market positioning of companies in Republic of Macedonia",** KNOWLEDGE International Journal Scientific and Applicative Papers V15.3 Institute of knowledge management, Bansko, Bulgarija, 2016, ISSN 1857-92, Global impact and quality factor 1,025 (2015), pp.945-952
10. **"The link between the alignment of the individual goals with the organizational goals and organizational performance"**, XII International May Conference on StrategicManagement - IMKSM 2016, Book of proceedings, University of Belgrade, Srbija, 2016, accepted in the EBSCO Host base, ISBN 978-86-6305-042-6, p. 438-446
11. **" The use of ict as a tool for improvement of the communication between the local government and the citizens**", International Scientific Conference on "POWER OF COMMUNICATION 2016", Proceedings, Pan-European University Apeiron, Banja Luka, 2016, ISBN ISBN 978-99955-91-90-8, p.197-210
12. **"The relationship between job satisfaction of employees and success of organizations in the Republic of Macedonia**" KNOWLEDGE International Journal Scientific and Applicative Papers V12/1 Institute of knowledge management, 2016, ISSN 1857-92, Global impact and quality factor 1,025 (2015), pp.81-86
13. **"The meaning of motivation of human capital in banks in the Republic of Macedonia** ", VIZIONE International magazine for social sciences, Open access journal EBSCO (2014), ISSN: 1409-8962 – print form, ISSN: 1857-9221 electronic form, UDC:005.32: 331.101.3]: 336.71 (497.7), p.309-321, Vizione 25/2016, Skopje
14. "**The application of different methods of funding and their effects on the financial sustainability of the civil society organizations**", KNOWLEDGE International Journal Scientific and Applicative Papers V10/1, Institute of knowledge management, 2015, ISSN 1857-92 Global impact and quality factor 1,025 (2015)p. 218-221
15. **"Relationship between career development of employees and financial performance of organizations",** KNOWLEDGE International Journal Scientific and Applicative Papers V10/1, Institute of knowledge management, 2015, ISSN 1857-92, Global impact and quality factor 1,025 (2015) p. 231-236
16. **"The role and importance of assessing employee performance on the success of organizations in the Republic of Macedonia**", Journal of Process Management - New Techologies - JPMNT-International, Republic of Srbia, ISSN: 2334-7449 (Online), as Special Edition Vol. 9. May 2015, Index Copernicus Journals Master List 2012, ICV 2012: 4.09, pp 137-143,
17. "**The future of banking institutions under conditions of digitalization**", Journal of Process Management - New Techologies - JPMNT-International, Republic of Srbia, ISSN: 2334-7449 (Online), as Special Edition Vol. 7. November 2014, Index Copernicus Journals Master List 2012, ICV 2012: 4.09, pp 101-104,
18. "**The impact of employees dedication and their commitment to work in banks on increasing their financial performance in the Republic of Macedonia**", Journal of Process Management - New Techologies – JPMNT - International, 2014,

Republic of Srbia, ISSN: 2334-7449 (Online), as Special Edition Vol. 4. November 2014, Index Copernicus Journals Master List 2012, ICV 2012: 4.09, pp 166-170,

19. "**The impact of strategic human resource management on organizational performance**", Conference of strategic management, University of Belgrade, Srbija, 2014, accepted in the EBSCO Host base, ISBN: 978-86-6305-019-8 p. 227-237
20. **"The impact of performance planning of employees on the competitiveness of organizations in crisis conditions"** ,UniversityEducons, 2014 , UDK: 338.124.4:330.11, ISBN: 978-86-87785-52-6, p. 321-328

**Книги:**

- **Менаџмент на перформанси,** Факултет за економски науки, ФОН Универзитет, Скопје, 2015
- **Водич за иновации и претприемништво,** Project "Taking the road to employment – developing new skills and knowledge for unemployed persons, 2016

**- Учество во научноистражувачки и стручни проекти од национален и меѓународен карактер, меѓу кои:**

**01.09.2016-03.12.2016** - **"Management skills (leadership development, engagement of employees, change management)"** Edukativa plus, Macedonia

**12.05.2016-01.10.2016** - **The project "Taking the road to employment – developing new skills and knowledge for unemployed persons"** under the program Erasmus+, /Agreement – 2014-1-MK01-KA204-000246/ funded with support from the European Commission. Training Centre C.E.S., Skopje, Macedonia

**1.09.2009-30.06.2017** - **1.09.2009-30.06.2010 project of Ministry of Education of the Republic of Macedonia "Modernization of education in Macedonia",** FON University, Skopje, Macedonia

**01.09.2010-30.06.2017 - "Factory of knowledge"project of FON University** for raising the capacity of students to solve specific problems in the business sector, FON University, Skopje

**- Доцент д-р Ирена Ашталкоска е позитивно оценувана во постапките за самоевалуација на Универзитетот.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на анализата на пристигнатите документи, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Ирена Ашталкоска со својот научен и стручен придонес во континуитет придонесува за развојот и афирмацијата на науката во областа на бизнис менаџментот и управувањето со перформансите.

Д-р Ирена Ашталкоска е исклучително плоден научен работник кој постигнал, досега, завидни резултати во својата работа. Од увидот во нејзината досегашна работна биографија, можевме да се увериме дека таа располага со богата стручна, научна и педагошка работа од областа за која се пријавува за што сведочи и нејзиното работно искуство на два универзитети во Република Македонија.

Комисијата цени дека кандидатот доц. д-р Ирена Ашталкоска ги исполнува пропишаните законски норми за избор во наставно-научно звање, бидејќи таа го поседува потребното стручно и научно искуство што е неопходно за обавување на наставно-научната дејност од областа на бизнис менаџмент и управување со перформанси согласно распишаниот конкурс.

Според тоа, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно Научниот совет на Факутетот за економски науки на Првиот приватен Универзитет - ФОН, да го избере кандидатот д-р Ирена Ашталкоска за наставник во областа на бизнис менаџмент и управување со перформанси во звањето – **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**.

**Скопје,**

**15.10.2018**

**Рецензентска комисија:**

______________________________

**Проф. д-р Роберт Димитровски, с.р. - претседател,**

______________________________

**Проф. д-р Кирил Постолов, с.р. - член,**

______________________________

**Проф. д-р Мирко Трипуноски, с.р. - член.**

**ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН**
**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ОД ОБЛАСТА 60712 ДИГИТАЛНА УМЕТНОСТ (ДРУГО)

Врз основа на конкурсот распишан од страна на Првиот приватен универзитет – ФОН во Скопје, објавен во дневниот весник »Слободен печат« на 06.07.2018 година за избор на наставник, во сите наставно-научни звања по стручно уметнички предмети од научната област: 60712 Дигитална уметност (друго), Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на Првиот приватен универзитет - ФОН, со Одлука бр. 22-1161/3 од 05.09.2018 година, формираше Рецензентска комисија, во состав:

- м-р Растко Чириќ, редовен професор – претседател;
- м-р Лазар Секуловски, редовен професор – член;
- м-р Јордан Плевнеш, редовен професор – член.

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научно звања по стручно уметнички предмети од научната област: 60712 Дигитална уметност (друго), во предвидениот рок се пријави еден кандидат: д-р Катерина Апостолска.

Врз основа на приложената документација поднесена од страна на кандидатот, како и врз основа на нејзината научна, уметничка и педагошка дејност, Рецензентската комисија го доставува следниот:

# И З В Е Ш Т А Ј

**Биографски податоци:**

Д-р Катерина Апостолска е родена на 03 Мај 1978 година во Скопје. Дипломирала на факултетот за ликовни уметности во Скопје, на отсекот сликарство со графички дизајн.

Во текот на студиите пројавува голем интерес за бавење со детска илустрација како исклучително комплексна ликовна дисциплина. Подоцна полето на нејзиниот интерес продолжува во доменот на поетиката и технологијата на дигиталната уметност, како и можностите на наративните и интерактивни содржини во рамките на дизајнот и новите медиуми.

Својата професионална кариера, д-р Катерина Апостолска ја започнува во Македонија во областа на ликовните уметности, земајќи активно учество на бројни

изложби и интернационални фестивали. Во потрага за нови искуства во современите технологии, д-р Катерина Апостолска магистрира и докторира на интердисциплинарните студии за дигитална уметност на Универзитетот за уметности во Белград – Република Србија.

Од 2007 година до денес, д-р Катерина Апостолска интензивно се занимава со педагошка работа на универзитетско ниво. Со своето стекнато теоретско и практично знаење, компетентно учествува во системот на академското образование од прв, втор и трет циклус на студии.

**Образование:**

**2009/2012.** Интердисциплинарни докторски академски студии на студиската програма за дигитална уметност на Универзитетот за Уметности во Белград – Белград, Р. Србија; Стекнат академски назив: Доктор на уметности – дигитални медиуми;

**2003/2007.** Интердисциплинарни магистерски студии; група за дигитална уметност; Универзитет за Уметности во Белград – Белград, Р. Србија; Стекнат академски назив: Магистер на уметности од областа на дигиталната уметност;

**1996/2001.** Факултет за ликовни уметности; оддел за сликарство со графички дизајн; Универзитет »Св. Кирил и Методиј« – Скопје, Р. Македонија; Стекнат стручен назив: Дипломиран сликар со графички дизајн;

**1992/1996.** Училиште за применета уметност; оддел за применето сликарство; »Лазар Личеноски« – Скопје, Р. Македонија;

**2000.** Основен курс за фотографија при »Центарот за хумани релации – Скопје, Р. Македонија;

**1984/1990.** Музичко балетско училишен центар »Илија Николовски – Луј« оддел за пијано; Скопје, Р. Македонија.

**Работно искуство:**

**2013/2018.** **Вонреден професор** на Факултетот за дизајн и мултимедија; прв и втор циклус на студии; стручно-уметнички предмети од областа на дизајнот и мултимедијата; ФОН Универзитет, Скопје, Р. Македонија;

**2013/2015.** **Декан** на Факултетот за дизајн и мултимедија; ФОН Универзитет, Скопје, Р. Македонија;

**2008/2013.** **Доцент** на Факултетот за дизајн и мултимедија; прв и втор циклус на студии; стручно-уметнички предмети од областа на дизајнот и мултимедијата; ФОН Универзитет, Скопје, Р. Македонија;

**2007/2008.** **Предавач** и основач на катедрата за Анимација; Европска Филмска Академија ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк, Скопје, Р. Македонија.

**2008.** Професионално усовршување на одделот за анимација ESRA Sup'info Paris и учество на работилница ESRA Sup'info (Rennes) Бретања, Франција.

**2003.** Графички дизајнер на UNICEF - Скопје, Р. Македонија;

**2000.** Илустратор за »CIVIL - NGO for Human Rights«, Скопје, Р. Македонија.

**1999/2002.** Илустратор и дизајнер на детските списанија: Росица, Развигор, Другарче. Издавач: »Детска Радост« - НИП »Нова Македонија« – Скопје, Р. Македонија.

**Наставно-образовна дејност:**

Од 2007 година д-р Катерина Апостолска ја започнува својата наставно-образовна дејност на универзитетско ниво. Во академската 2007/2008. година ја изработува програмата и ја формира катедрата за Анимација при Европската филмска академија ECPA Париз-Скопје-Њујорк во Скопје каде започнува да работи како предавач по предметите од областа на анимацијата (Анимација, Историја и теорија на анимација и Карактер дизајн).

Потоа, во 2008 година е вклучена во основањето на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на Првиот приватен универзитет – ФОН и избрана во звање Доцент по стручно-уметнички предмети од областа на Дизајн-мултимедија. Во текот на периодот од 2008 до 2013 година со успех ги реализира своите наставни активности и учествува на бројни изложби, презентации, работилници, маркетиншки кампањи и други манифестации организирани од страна на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на Првиот приватен универзитет – ФОН.

Од 2013 година д-р Катерина Апостолска е избрана во звање Вонреден професор по стручно-уметнички предмети од областа на Дизајн-мултимедија на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на Првиот приватен универзитет – ФОН и учествува во активностите на факултетот преку организација и реализација на проекти и изложби, менторска работа на прв и втор циклус на студии, член на комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови, како и член во рецензентски комисии за избори во звања.

Во текот на својата наставна активност оспособила уметнички соработници кои подоцна исполниле услови и биле избрани во повисокии наставни звања.

Д-р Катерина Апостолска е акредитиран ментор за втор циклус на студии од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во Република Македонија. Од 2017 година се наоѓа на усвоената листа на ментори на докторскиот уметнички програм за Дигитална уметност на Интердисциплинарните студии на Универзитетот за уметности во Белград, Република Србија.

За својата работа како наставник, д-р Катерина Апостолска секоја академска година, во континуитет има висока позитивна оценка од анонимно спроведените анкети на студентите при процесот на самоевалуација, бидејќи се истакнува со исклучителна стручност и посветеност, како во едукативниот процес, така и во уметничкото творештво.

**Самостојни изложби:**

**2018.** (01-15.06) Самостојна изложба на илустрации во »Happy Gallery« СКЦ Белград, Р, Србија под наслов »ИМАГИНАРИУС«, во период од 01-15 јуни 2018 година https://www.skc.org.rs/izlozbe/10359-katerina-apostolska-skoplje,-makedonija.html
http://www.stripvesti.com/
https://www.facebook.com/comicsfest/photos/a.133649293341477.13587.119349738104766/1875465022493220/?type=3&theater
https://www.facebook.com/comicsfest/photos/a.133649293341477.13587.119349738104766/1869000436473012/?type=3&theater

**2015.** (09.04-07.05) Самостојно изложување на секвенционални дигитални дела »KRAFTWERKE« во склоп на традиционалната манифестација »Kultur im Kraftwerke am Rhein« во Базел, Швајцарија.
http://www.fricktal24.ch/Augst.augst+M5e341df1094.0.html
http://www.verlagshaus-jaumann.de/inhalt.grenzach-wyhlen-kraftgeladene-fuelle-und-lichteffekte.73155648-a6ae-4a1e-befd-b3df4a76340c.html
http://www.badische-zeitung.de/grenzach-wyhlen/kultur-im-kraftwerk--103070072.html
http://kwa.ch/images/ausstellungen/Einladung%20Frhling%2015.pdf
http://kwa.ch/kultur/ausstellungen/event/43-kraftwerke

**Групни изложби:**

**2017.**(28.09-01.10) Учество на 15ти конкурс на Интернационалниот стрип фестивал 2017 година со делото »СОВА У МРАКУ« во СКЦ во Белград, Р. Србија. (официјална селекција на фестивалскиот конкурс; официјална селекција за изложувачкиот програм на фестивалскиот конкурс)
http://www.salonstripaskc.rs/images/2017/konkurs/15TH_INTERNATIONAL_COMICS_FESTIVAL_%20BELGRADE_2017_BOOKLET_%20OF_THE_%20FESTIVAL_for%20download.pdf

**2014.** (март) Учество на заедничка изложба на македонски современи уметници кои престојувале во Cité International des Arts-Paris по повод меѓународниот ден франкофонијата под наслов »ПАРИЗ - ТЕ САКАМ« организирано од страна на Министерство за култура на Република Македонија; НУ Национална галерија на Македонија,Чифте Амам во Скопје, Р. Македонија.

**Професионални ангажмани, проекти, фестивали, работилници, конференции:**

**2018.** (05-06.07) Организатор и водител на Детска работилница за анимиран филм под наслов »Важна е целта« - работилница за карактер дизајн и семиотика на подвижните слики реализирана во Школата за анимиран филм »ŠAF« во Врање, Р. Србија

**2017**. (11-15.09) Учество и почесен гостин на »5ти Светски детски фестивал за анимиран филм – Златен полжав« 2017 година во Врање, Р. Србија

**2016.** (26-28.08) Уметник/дизајнер за 2016 година на Фестивалот »KLOSTERBERGFEST« во организација на фондацијата за деца »BRASILEA« основана од Онорио Манзути во Базел, Швајцарија
http://klosterbergfest.ch/de/
http://www.baselinsider.ch/jahreshighlights/klosterbergfest.html

http://kulturelles-nordwestschweiz.blogspot.com/2016/07/klosterbergfestbaselstiftungkinderinbra.html
http://www.z-7.ch/band.php?bandid=1680
http://www.bs.ch/en/Portrait/events/events/2016/klosterberg-festival-2016.html

**2016.** Претседател на Комисијата за изработка на нови акредитирани студиски програми, за прв и втор циклус на студии на Факултетот за дизајн и мултимедија, ФОН Универзитет.

**2015.** Дизајн на насловна страна за книга од проф. д-р Димитар Мирчев »Balkanski Megaetnikum Nacionalne Doctrine Makedonskih Sosed« издавач: Факултетот за општествени науки на Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија.

**2014/2015.** Учество-дизајнер на интернационални научни конференции:

- (27-29 Ноември) International Scientific Conference: »Knowledge-Capital of Future« Topic: »Knowledge – Know but How« во Банско, Бугарија;
- (21-23 Мај) 2nd International Scientific Conference: »Knowledge-Capital of Future« Topic: »New Knowledge for the New People« во Охрид, Р. Македонија
- (17-19 April) International Scientific Conference: »Knowledge-Capital of Future« Topic: »Knowledge for Health« во Банско, Бугарија;
- (22-25 Мај) 3rd International Scientific Conference: »Knowledge-Capital of Future« Topic: »Knowledge Who and What« во Банско, Бугарија.

**2014.** Зборник/издание на Фон Универзитет за капмањата »Фабрика на знаење«
- Координатор и менторство на проектна задача за »Сингер« поставена задача: Отворање на нов продажен центар и промоција на брендот; »Тиквеш« поставена задача: Дизајн на етикета и промоција на нов производ на пазарот »Мацун«; »Халк Банка« поставена задача: Алтернативни канали на дистрибуција; »Карпош АД Скопје« поставена задача: Реформи во управувачките капацитети, инвестициска политика за раст и развој и маркетинг стратегија.

**2013/2015.** Учество како координатор/ментор на тимови во интерната универзитетска кампања »Фабрика на знаење«

- **2014/2015.** Координатор/ментор на тим за проект зададен од градежната компанија »Park Residence« Скопје, Р. Македонија
- **2013/2014.** Координатор/ментор на тим за проект зададен од »European Eye Hospital« Скопје, Р. Македонија

**<u>Други професионални и образовни достигнувања:</u>**

**2016.** Ментор на усвоената листа на ментори на докторскиот уметнички програм за Дигитална уметност на Интердисциплинарните студии на Универзитетот за уметности во Белград, Р. Србија;

**2016.** Ментор на студенти на втор циклус на студии; Решение за акредитација издадено од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во Република Македонија;

**2017.** Уметнички дела во приватна уметничка колекција на компанијата Kraftwerk Augst AG во Базел, Швајцарија;

**2015.** Уметнички дела во приватна уметничка колекција на Онорио Мансути во Базел, Швајцарија;

**2013.** Монографија на Универзитетот за уметности во Белград по повод 55 години од своето постоење.
- Селекција на авторски уметнички остварувања на студиската програма за Дигитална уметност во поглавјето за претставување на Интердисциплинарните студии на универзитетот на уметности, (257 страна).

**Должности и одговорности:**

**2013/2015.** Во периодот од 05.09.2013 до 04.03.2015 д-р Катерина Апостолска со успех ја вршеше функцијата Декан на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на Првиот приватен универзитет – ФОН.

**2016.** На 19.04.2016 д-р Катерина Апостолска беше назначена за претседател на Комисијата за изработка на нови студиски програми, за прв и втор циклус на студии, на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на Првиот приватен универзитет – ФОН.
- Новите студиски програми беа акредитирани од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование при Министерството за образование и наука во Р. Македонија.

## ЗАКЛУЧОК

Рецензионата комисија констатираше дека пријавениот кандидат д-р Катерина Апостолска ги исполнува сите формално-правни услови за избор на наставник, во сите звања од научната област Дигитална уметност.

Врз основа на наведените податоци и факти, д-р Катерина Апостолска, својата способност и талент ги потврдува преку нејзините интердисциплинарни уметнички проекти, добивајќи признанија на многубројни изложби, фестивали и меѓународни манифестации.

Во наведеното досегашното творештво, пројавува голема мотивираност и амбиција за истражувања поврзани со начините на кои комуникациските технологии ги менуваат уметничките концепти, како и влијанието на истите врз традиционалните медиуми и професија.

Со нејзиното усовршување на докторските студии за дигитална уметност се здобива со способност и компетенции за педагошко-истражувачка работа на универзитетско ниво, бавење со уметничка критика и теорија, самостална истражувачка работа во областите на новите медиуми како и работа на интердисциплинарни проекти.

Преку својата менторска работа на прв, втор и трет циклус на студии им помага на студентите да се запознаат и усовршат во интердисциплинарната уметничка/медиумска пракса, сé со цел да се постигнат врвни сознанија за примената на традиционалните и нови медиуми во процесот на креирање во уметноста, како и културолошките промени во медиумската индустрија на дигиталната ера.

Стекнатото знаење и искуство на кандидатката овозможува бројни експерименти во рамките на новите форми на дигиталната уметност, при создавањето на уметнички проекти кои својата содржина и структура ја засноваат на поврзувањето на различни уметнички и научни дисциплини во една компактна уметничка и теоретска мисла.

Нејзиниот придонес е од големо значење во формирањето, развојот и афирмацијата на Факултетот за дизајн и мултимедија и Првиот приватен универзитет - ФОН, воопшто. Со своето образование, посветеност и искуство во високо-образовната дејност, д-р Катерина Апостолска покажува исклучителна способност во извршувањето на наставниот и едукативниот процес и се истакнува како наставник, педагог и творец во својата област.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на наведениот заклучок, Рецензентската комисија едногласно констатираше дека д-р Катерина Апостолска ги исполнува сите услови за избор во звање редовен професор и има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија во состав на Првиот приватен универзитет – ФОН да ја избере д-р Катерина Апостолска за **наставник по стручно-уметнички предмети од областа Дигитална уметност во наставно-научно звање РЕДОВЕН ПРОФЕСОР.**

**Рецензентска комисија**

______________________________

**1. проф. м-р Растко Чириќ, с.р. - претседател**

______________________________

**2. проф. м-р Лазар Секуловски, с.р. - член**

______________________________

**3. проф. м-р Јордан Плевнеш, с.р. - член**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ ФОН СКОПЈЕ